| | |
|---|---|
| **Предмет :** Македонски јазик | III ( трето) одделение |
| **Наставно подрачје / тема:** Литература, изразување и творење | Време на реализација – 65 часа |
| Изработил : Одделенски наставник Наташа Тодоровска | ООУ „ Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал : | ООУ „ |

**<u>РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ</u>**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ разликува драмски, поетски и наративни текстови (расказ, приказна, бајка, басна) и ги објаснува разликите преку пример;
- ✓ анализира содржина на литературен текст (тема, порака/идеја, ликови и настани);
- ✓ прераскажува литературни текстови со свои зборови по зададен или сопствен план;
- ✓ раскажува (усно и писмено) на зададена тема и на тема по избор.

**<u>Ученикот/ученичката ќе:</u>**

- ✓ развива креативно изразување

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување | Часови | Активности | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драмски текст, песна) | Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу расказ, **бајка** и басна. | 2 | *Учениците се искажуваат за содржина и ликови во изучени/ слушнати бајки.<br><br>*Учениците слушаат изразно читање на бајка/ читаат бајка и се запознаваат со карактеристиките на бајката (текстови кои имаат фантастични ликови, предмети и непознати и таинствени места каде се одвиваат). Во работен лист индивидуално/парови /мали групи прават анализа на бајката и нејзините карактеристики.<br><br>*Учениците следат позната бајка како анимиран филм и се искажуваат за нејзината содржина(катактеристики на бајка).<br>https://www.youtube.com/watch?v=dyydwvzv-Wo | табла/бела<br><br>маркер/креда<br><br>работен лист<br><br>видеобим<br><br>компјутер<br><br>звучници | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава бајка според содржината, ликовите, предметите<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Активно учество во групни активности<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драмски текст, песна) | | | (Може претходно да се гледа во домашни услови, а потоа да се прави анализа на час) | | |
| | Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу **расказ**, бајка и басна. | 2 | *Учениците слушаат изразно читање на расказ/ читаат расказ и се запознаваат со карактеристиките на расказот (текст во кој се раскажува за некој настан кој му се случува на некој лик).<br>*Учениците слушаат расказ или гледаат филмувана емисија (расказ пр. „Зоки Поки“, „ Орхан“ и сл и изведуваат заклучоци за карактеристиките на расказот.<br>Пр. Зоки Поки- Гостин на село:<br>https://www.youtube.com/watch?v=VmO7cNd2AIM<br>*Се анализираат раскази од лектирно дело„ Пр. Децата од моето училиште“ од Јадранка Клисарова. | табла/бела<br>маркер/креда<br>работен лист<br>книга со раскази<br>видеобим<br>компјутер<br>звучници | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Препознава расказ според содржината, ликовите и настанот.<br>Одговори во работен лист<br>Домашна работа |
| | Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу расказ, бајка и **басна**. | 2 | *Учениците слушаат изразно читање на басна/ читаат басна и се запознаваат со карактеристиките на басната (ликовите се животни и нивните постапки се имитација на човечките недостатоци). Во работен лист определуваат ликови кои ги сретнале во басната, кои особини се претставени преку ликовите и извлекуваат поука од басната.<br>*Учениците следат анимирана басна и дискутираат дали поуката од басната подобро се извлекува преку читање на текст или следење на анимиран филм. Дали поуката | табла/бела<br>маркер/креда<br>работен лист<br>книга со басни<br>видеобим | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Препознава басна според содржината, ликовите и поуката.<br>Одговори во |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драмски текст, песна) | | | е различна?<br>*Се анализираат басни од лектирно дело,, Басни“- Езоп.<br>https://www.youtube.com/watch?v=cIWlUngMo7M<br>(Линк за анимирани басни на англиски јазик) | компјутер<br><br>звучници | работен лист<br><br>Домашна работа |
| | Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу расказ, бајка и басна. | 1 | *Учениците се поделени во групи. Секоја група добива наставен лист со два текста: кратка бајка/извадок од бајка и басна.<br>*Учениците следат насоки - читање на текстовите и одговар на прашања кои се однесуваат на содржината и на ликовите.<br>*Учениците преку дискусија заклучуваат дека во басните ликовите се животни и нивните постапки се имитација на човечките недостатоци, а бајките се текстови кои имаат фантастични ликови, предмети и непознати и таинстевени места каде се одвиваат. | табла/бела<br><br>маркер/креда<br><br>работен лист<br><br>книга со бајки<br>книга со басни<br><br>видеобим<br><br>компјутер | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Прави разлика меѓу бајка и басна.<br><br>Одговори во работен лист |
| | | 1 | *Учениците се поделени во групи.Секоја група добива наставен лист со два текста: кратка бајка и расказ.<br><br>*Учениците следат насоки- читање на текстовите и одговар на прашања кои се однесуваат на содржината и на ликовите.<br><br>*Учениците преку дискусија прават споредба на текстовите и изведуваат заклучоци дека бајките се текстови кои имаат фантастични ликови, предмети и непознати и таинстевени места каде се одвиваат. Расказите раскажуваат за некој настан кој му се случува на некој лик). | табла/бела<br><br>маркер/креда<br><br>работен лист<br><br>книга со бајки<br>книга со раскази<br><br>видеобим<br><br>компјутер | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Прави разлика меѓу бајка и расказ.<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Домашна работа |
| | Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу расказ, бајка и | 1 | *Учениците се поделени во групи. Секоја група добива наставен лист со два текста: басна и расказ.<br><br>*Учениците следат насоки- читање на текстовите и одговар на прашања кои се однесуваат на содржината и | табла/бела<br><br>маркер/креда<br><br>работен лист | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Прави разлика |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драмски текст, песна) | басна | | на ликовите.<br><br>*Учениците преку дискусија прават споредба на текстовите и изведуваат заклучоци дека во басните ликовите се животни и нивните постапки се имитација на човечките недостатоци, а расказите раскажуваат за некој настан кој му се случува на некој лик). | книга со басни<br><br>книга со раскази<br><br>видеобим<br><br>компјутер | меѓу басна и расказ.<br><br>Одговори во работен лист |
| | | 1 | *Учениците следат презентација со фотографии од изучени бајки, басни и раскази. Се искажуваат за карактеристиките на текстовите, какви ликови среќаваме во нив, во кои текстови има реалистични содржини.<br>*Учениците индивидуално работат во работен лист и наведуваат разлики меѓу 3 понудени текстови ( пр. од лектирните дела- „ Шеќерна приказна“, „Басни“ , „Децата од нашето училиште“ и сл. | презентација работен лист<br><br>книга со басни/бајки/ раскази видеобим компјутер | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br>Прави разлика меѓу басна, бајка и расказ.<br>Одговори во работен лист |
| | Прави разлика меѓу **драмски,** поетски и наративен текст и ја објаснува разликата преку примери | 6 | *Учениците внимателно слушаат драмски текст и се искажуваат за содржината. Дискутираат за драмско читање и пренесување на дијалогот на ликовите.<br><br>*Читање на текстови со различна тема- новогодишни текстови, за другарство, за празници, сообраќај,екологија и сл.<br><br>*Поделба на драмските улоги (Учениците совладуваат дијалози за изразно читање или драмска изведба).<br>Изведуваат заклучоци- драмскиот текст е организиран по лица/ликови кои водат дијалог. | книги со драмски текстови<br><br>учебник<br><br>работни листови<br><br>компјутер | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Воочува карактеристики на драмски текст<br><br>Чита дијалози /драматизира улоги<br><br>Одговори во работен лист |
| | Прави разлика меѓу драмски, **поетски** и наративен текст и ја објаснува разликата преку примери | | *Учениците вниматело слушаат изразно читање/ рецитирање на песни со различна тематика( годишни времиња, празници, другарство, екологија и сл)<br>Воочуваат дека песната е составена од строфи, а секој ред во строфата се вика стих.<br>Определуваат строфи и стихови во песните. | книги со песни<br><br>детски списанија<br><br>учебник | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Воочува карактеристики на поетска творба |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драмски текст, песна) | Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна (стих, строфа, рима) | 8 | *Учениците во пар читаат песна и ја одредуваат нејзината структура преку насочувачки прашања на работен лист:<br>-Колку изделени делови има во песната?<br>-Дали сите делови од песната имаат ист број редови?<br>-Дали во редовите има парови од зборови кои завршуваат со исти или слични слогови?<br>-Каде се наоѓаат тие?<br>-Дали тие полесно се запомнуваат?<br>*Учениците изведуваат заклучоци за строфа ( повеќе стихови формираат строфа) и стих (редовите во песната се стихови) | работни листови<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници | Определува строфа, стих рима во песна<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Домашна работа |
| | Прави разлика меѓу **драмски**, поетски и **наративен текст** и ја објаснува разликата преку примери | 2 | *Учениците внимателно слушаат изразно читање на наративен текст. Се поведува дискусија за да се запознаат учениците со карактеристиките на наративниот текст.( *Раскажување има и во драмските текстови, во монолози и дијалози и тоа се вика нарација. А раскажувачот го викаме наратор. Авторот на текстот не смее да се изедначи со наратор, тој ја создал творбата, но го создал и нараторот(човек, животно, растение, инсект и сл*).<br>Пр. Станав рано. Се облеков и истрчав во градината.... Учениците следат според глаголите дека нараторот е од прво лице. Наставникот објаснува со едноставни примери за да сфатат учениците разлика меѓу драмски и наративен текст.<br>Воочуваат дека во него се раскажува за настан, случка, но ликовите не се изделени како во едночинката (драмскиот текст)<br>Прават разлика меѓу драмски и наративен текст. | книги со драмски текстови<br><br>списанија<br><br>учебник<br><br>работни листови<br><br>компјутер | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ја објаснува разликата меѓу драмски и наративен текст<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Домашна работа |
| | Прави разлика меѓу | | Учениците се поделени во групи. Секоја група добива различна задача<br>1 гр- Песна- Да определат број на стофи и стихови и да илустрираат прва поетска слика.<br>2 гр. Краток драмски текст и да определат ликови и | книги со драмски текстови/ песни | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ја објаснува |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | драмски, поетски и наративен текст и ја објаснува разликата преку примери. | 2 | главен настан<br>3 гр. Едночинка која ја драматизира /изразно чита. Задачите во групите ротираат, на крајот наставникот поттикнува дискусија за разликите преку примерите кои ги читале од што произлегуваат заклучоци( драмскиот текст е организиран по лица/ликови кои водат дијалог, во наративниот текст се раскажува настан, случка, но ликовите не се изделени како во едночинката, песничката е напишани во кратки редови -стихови. | списанија<br>учебник<br>работни листови<br>компјутер | разликата помеѓу драмски, поетски и наративен текст<br>Одговори во работен лист<br>Домашна работа |
| Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја, настан, лик, време, место | Определува наслов, име на автор на дадена книга или на даден литературен текст. | 1 | *Учениците се поделени во групи. Секоја група добива книги, сликовници, збирка со раскази и сл. Следат насоки да го определат насловот, авторот, речник доколку има, содржина на книгата.<br>*Учениците презентираат со каков вид на книги се запознале(именуваат наслов, автор, опишуваат илустрации и какви текстови содржи книгата -раскази, песни, драмски текстови и сл.)<br>*Учениците следат презентација на која се претставени неколку книги (насловни страници со автори). Се искажуваат за насловот и авторот и ги запишуваат во табела во работен лист.<br>*За време на големиот одмор во училишната библиотека одат и бараат од библиотекарот да им ги покаже книгите( позајмуваат книга по свој избор за читање). | книги со песни, раскази, бајки<br>сликовници<br>табла/бела маркер/креда<br>работен лист<br>видеобим<br>компјутер<br>презентација | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Определува наслов, име на автор на литературен текст/книга<br>Одговори во работен лист<br>Активно учество во групни активности |
| | Одредува тема на прочитан | 2 | *Учениците самостојно читаат текст и одговараат на прашања со дополнување и заокружување на понудени одговори за содржината на текстот:<br>- за што се зборува во текстот(со понуден одговор: за другарството, за доаѓањето на зимата, за најголемата желба на едно дете );,<br>- кој учествува во настаните<br>- кои ликови се носители на настаните.<br>*Потоа секој самостојно ја запишува темата на текстот со една реченица и споделува пред паралелката. | книги со песни, раскази, бајки<br>сликовници<br>табла/бела маркер/креда | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Одредува тема во прочитан текст<br>Одговори во |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја, настан, лик, време, место | литературен текст. | | *Учениците добиваат работен лист со краток текст.<br>По дадени насоки треба сами да напишат за што се зборовува во текстот и со една реченица да се искажат за темата.<br>*Се запишуваат речениците на табла/учениците ги читаат, а наставникот ги запишува во компјутер.<br>*Учениците следат на видеобим и се искажуваат дали правилно ја одредиле темата- според содржината на текстот. | работен лист<br>видеобим<br>компјутер | работен лист<br>Активно учество во групни активности<br>Домашна работа |
| | Ги одредува ликовите во прочитан литературен текст.<br>Го опишува изгледот на ликовите во текстот и ги објаснува нивните особини преку прикажаните постапки. | 3 | *Учениците самостојно читаат расказ во кој има неколку ликови. Следат насоки за работа во работен лист (Во него се поставени 4 прашања, распоредени во круг поделен на четвртини).<br>• Наброј ги ликовите во текстот?<br>• Посочи ја главната особина која ја има секој лик?<br>• Кој лик ти остави најмногу впечаток и зошто?<br>• Опиши ги сите особини на тој лик, користејќи 1-2 реченици. | работен лист<br>учебник<br>табла/бела<br>маркер/креди | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Опишува изглед на ликови и нивни карактерни особини<br>Одговори во работен лист |
| | | | *Учениците читаат текст во кој има описи за изгледот на ликовите, но и нивните карактерни особини . Се дискутира за нивното однесување во настаните и нивните постапки во текстот.<br>Дискусија по прашања :<br>• Со кои зборови е опишан ликот?<br>• Што направи ликот на почетокот на текстот?<br>• Што направи ликот подоцна во текстот?<br>• Што мислиш ти за тоа?<br>• Која постапка ти се допадна?<br>• Дали ликот можеше и поинаку да постапи?... | | Активно учество во групни активности |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја, настан, лик, време, место | Го одредува главниот настан во текстот. | 1 | *Учениците слушаат изразно читање на текст и одговараат на поставени прашања. Гласно го читаат текстот и одредуваат главен настан и главен лик во текстот.<br>Дискутираат и ги образложуваат своите одговори – зошто тој настан и тој лик ги сметаат за главни. | работен лист<br>учебник<br>прибор за пишување<br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Одредува главен настан и главен лик во текст<br>Домашна работа |
| | Го одредува времето и местото на настаните во текстот и ги подредува хронолошки. | 3 | *Учениците добиваат работен лист и самостојно читаат текст. Настаните во текстот се со измешан редослед. Учениците треба да ги подредат хронолошки настаните со цел полесно да одговараат на прашања поврзани со одредување на главнот настан, време и место на настанот.<br>*Учениците работат во работен лист. На горната страна се наоѓа прозниот текст кој треба да го прочитаат, а на долниот дел од работниот лист го запишуваат: времето и местото на настаните, а на поставената полуправа ги запишат настаните по нивниот хронолошки редослед (пишуваат од лево кон десно).<br>*Учениците се организирани во група. Секоја група добива ленти со делови од приказна кои треба да ги подредат хронолошки за да се добие приказна со соодветен тек на настаните. Секоја група ја презентира својата работа пред одделението. (Доколку некоја група отстапува, се прави дискусија и групата објаснува зошто размислувала поинаку). | работен лист<br>учебник<br>прибор за пишување<br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Определува време и место на настан<br>Хронолошки подредува настани во текст<br>Домашна работа |
| Анализа на литературни | Споредува настани и ликови од прочитан текст со реални ситуации. | 1 | *Учениците читаат/слушаат текст. Ги запишуваат главниот настан и ликовите од текстот. Се искажуваат дали имаат слушнато/видено/ доживеано сличен настан како во текстот и кои ликови биле учесниици во | работен лист<br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Прави споредба |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| текстови (тема, порака/идеја, настан, лик, време, место | | | настанот.<br>*Споредуваат што е слично, а што различно меѓу настанот и ликовите од текстот и настанот и ликовите во реална ситуација | | меѓу настани и ликови во текст со реални ситуации<br><br>Домашна работа |
| | Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст | 2 | *Учениците во парови/мали групи читаат текст. Одговараат на прашања поврзани со содржината. Извлекуваат порака од текстот( бајка/басна/расказ/драмски текст) и го образложуваат својот став. | работен лист<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Извлекува порака од прочитан текст<br><br>Домашна работа |
| | | | *Учениците добиват работен лист со текст. Самостојно извлекуваат порака која ја запишуваат на ссамолеплив стикер. Стикерите се лапат на таблата и се читаат. Се групираат пораките кои се слични и се извадуваат заклучоци зошто се сличини или различни пораките од текстот. | | |
| Усно и писмено изразување и творење | Прераскажува литературен текст по зададен или сопствен план употребувајќи свои зборови. | 10 | *Учениците самостојно читаат текст ( случка од секојдневниот живот). Усно го прераскажуваат текстот . Одговараат со полни реченици на исказите:<br>• Овој текст ме натера да размислам за....;<br>• Во овој текст бев изненаден од.... ;<br>• Од овој текст научив дека....<br>• Затоа мислам дека пораката на овој текст е ...<br>Учениците ги споделуваат своите размислувања и се извадуваат заклучоци. | работен лист<br><br>прибор за пишување<br><br>тетратка<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно /писмено прераскажува текст по зададен/сопствен план со употреба на свои зборови<br><br>Домашна работа |
| | | | Учениците по даден план/ сопствен план писмено го прераскажуваат текстот употребувајќи свои зборови. | | |
| | | | Учениците слушаат аудио приказна. Додека слушаат ги бележат настаните што се случуваат во вид на потсетник. Потоа, користејќи го „потсетникот“, ја прераскажуваат приказната со свои зборови. | | |
| | Раскажува настани | | *Учениците слушаат изразно читање на текст.( Текстот може да го прочитаат и во себе). Одговараат на прашања поврзани со содржината. | работен лист | Одговор на прашања со целосна |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Усно и писмено изразување и творење | од секојдневниот живот инспирирани од литературен текст. | 2 | *Учениците дискутираат на тема„ Во чевлите на другиот“.<br>*Учениците раскажуваат слична ситуација која ја доживеале ( или биле сведоци).<br>Учениците пишуваат расказ за случка/настан која лично ја доживеале и им предизикала пријатни/непријатни чувства . | прибор за пишување<br><br>тетратка | реченици<br><br>Усно /писмено раскажува по зададена тема или тема по избор<br><br>Домашна работа |
| | Раскажува на зададена тема или на тема по сопствен избор. | 4 | *Учениците внимателно слушаат/читаат текст во кој се зборува за тема од секојдневниот живот( еко акција, празнување, подарок, излет, игра, училиште, патување, роденден и сл).<br>*Следат насоки самостојно да нашишат расказ(да раскажат) за настан /случка на зададената тема или тема по избор.<br>*Учениците ги читаат своите раскази. | работен лист<br><br>прибор за пишување<br><br>тетратка | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Усно /писмено раскажува по зададена тема или тема по избор<br><br>Домашна работа |
| | Твори нов текст со измена на определени делови на прочитан литературен текст. | 3 | *Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст. Одговараат на прашања поврзни со тема, место, време и ликови.<br>*Добиваат насоки во групи :<br>-Учениците пишуваат почеток на расказот во неколку реченици.<br>- Учениците го менуваат главниот настан со неколку реченици<br>- Учениците пишуваат поинаков крај на текстот со неколку реченици<br>*Презентација на групите и изведување на заклучок дали им се допаѓа текстот со направените измени или како што беше во неговата оригинална верзија. | работен лист<br><br>прибор за пишување<br><br>тетратка | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Усно /писмено раскажува по серија слики<br><br>Активно учество во групни актив-ности |
| | | | | серија слики | Одговор на пра-шања со целосна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Усно и писмено изразување и творење | Раскажува по серија слики или илустрации. | 3 | *Учениците во мали групи добиваат серија слики. За секој ученик треба да има најмалку 1 слика за раскажување. Под секоја слика има простор запишување. Учениците се договараат за расказот и секој запишува под сликата што се случува.<br>*Заедно го презентираат својот расказ, а сликите потоа ги лепат на лист со цел да се добие целосен расказ по слики. Од сите раскази се прави Книга на паралелката. | прибор за пишување<br><br>боички<br><br>лепило | реченици<br><br>Усно /писмено раскажува по серија слики<br><br>Активно учество во групни актив-ности |
| | Твори во стих со или без рима на различни теми | 2 | *Учениците со помош на Грозд техника се искажуваат за едно годишно време (пр. зима). Наставникот ги запишува зборовите на табла, а учениците во тетратките. За понудените зборови се насочуваат да смислат и зборови кои гласовно се совпаѓаат-рима ( зима- има, снег-брег и сл).<br>*Следат насоки да состават 1 или 2 строфи со користење на истакнатите зборови. Учениците може да пишуваат и песна во акростих- без употреба на рима.<br>*Учениците ги читаат своите творби. За време на продолжителен престој ја пишуваат песната на компјутер. (Writer) | табла/бела табла<br><br>маркери<br><br>креди во боја<br><br>тетратка<br><br>компјутери | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Твори песна во стих со или без користење на римувани зборови<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Активно учество во групни актив-ности |
| | | | *Учениците во парови/ мали групи творат во стих на тема по избор ( годишни времиња, мајка, другарство, екологија, миленичe, патронен празник, значаен историски настан, град и сл.)<br>Песните се читаат, анализираат и се подготвуваат за Книга на парелелката или за објавување во училишен весник. | | |

resursi.literatura.mk